Врз основа на член 36, став 1, точка 14 и член 62, став 1 од Законот за локалната самоуправа (,, Сл.весник на РМ,, бр.5/2002) и член 53 од Статутот ан Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево „Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2022), а во врска со член 11 став 3 од Законот за полиција (,, Сл.весник на РМ,, бр.114/2006, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16 І 120/16), Советот на Општина Делчево, на својата 16.седница, одржана на ден 30.11. 2022 година, донесе

ОДЛУКА
за формирање на Локален Совет за Превенција

Член 1

Се формира Локален Совет за Превенција како советодавно и координативно тело, заради остварување на соработка и зацврстување на влијанието на јавноста во работата на полицијата.

Член 2

Целта на Локалниот Совет за Превенција се состои во изградба на заеднички препораки за подобрување на јавната безбедност на подрачјето на општина Делчево, како и градење на доверба и партнерски односи во превенирањето на појавите што влијаат на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата.

Член 3

Локалниот Совет за Превенција е составен од претставници на локалната и централната власт, како и други владини и невладини организации.

Член 4

Со Локалниот Совет за Превенција заседава Градоначалникот на Општина Делчево.
Претставници во Советот од член 1 на оваа одлука се:
1.Градоначалник на Општина-претседател
2.Полициска станица - Делчево-командир;
3.Основно јавно обвинителство-Делчево-Јавен обвинител
4.Полициска станица од Општа надлежност-Делчево-Инспектор по превенција;
5.Гоце Попов, Претседател на Советот на Општина Делчево
6. Кирил Тренчевски, член на Советот на Општина Делчево;
7. Дејан Георгиевски, член на Советот на Општина Делчево;
8. Сунчица Ѓорѓиева, член на Советот на Општина Делчево
9. Сашко Ивановски, член на Советот на Општина Делчево;
10. Иван Гоцевски, член на Советот на Општина Делчево;
11. Ели Ризова Ангеловска,член на Советот на Општина Делчево;
12.Кире Цоневски-Виш соработник за превенција и справување со кризна состојба, заштита и спасување;

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СОВЕТ НА ОПШТИНАТА ДЕЛЧЕВО

13.ЈЗУ Здравствен дом „Гоце Делчев“-Делчево-Директор;
14.ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи Делчево-Директор;
15.Оддление за урбанизам, уредување на градежно земјиште и заштита на животна средина-Раководител;
16.ТППЕ Делчево-Командир;
17.ЈПКД „Брегалница“-Делчево-Директор

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во“Сл.гласник на Општина Делчево”.

Број 09-2496/1
30.11. 2022 година
Д е л ч е в о

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Гоце Попов